Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 15.01.2019

СВР Штип, до Основното јавно обвинителство Штип, поднесе кривична пријава против Д.К.(34) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори", казниво по член 215 од Кривичниот законик на Република Македонија. На 14.01.2019 година во 11.40 часот полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот и пронашле 460 грама марихуана и таблети – екстази,

На 14.01.2019 година околу 22.40 часот, во село Топлица, гостиварско, од слобода биле лишени А.Ф.(30) и Е.А.(23), двајцата од селото Добридол. При претрес на патничко возило „БМВ" со гостиварски регистарски ознаки, во кое биле лицата и при личен преглед кај нив била пронајдена марихуана, која била одземена и дадена на вештачење. А.Ф. и Е.А. биле задржани во Полициската станица Гостивар, а по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесем соодветен поднесок.

На 14.01.2019 година околу 13.00 часот полициски службеници од Полициската станица Гостивар од слобода го лишиле Ф.Р.(47) од село Речане, гостиварско, по кого од ноември 2018 година, поради бегство од затвор, била распишана потерница од Казнено-поправната установа „Идризово". Ф.Р. бил приведен во Полициската станица Гостивар, по што бил спроведен во Казнено-поправниот дом „Идризово" за доиздржување на затворската казна.

На 14.01.2019 година во 09.00 часот на Граничен премин „Јажинце" од слобода бил лишен Л.А.(28) од Тетово затоа што било утврдено дека се наоѓа на Стоп листата со мерка „Апси" за спроведување во Затвор Тетово по наредба Основен суд Тетово. Во 10.10 часот лицето било предадено на полициски службеници од СВР Тетово за понатамошна постапка.

На 14.01.2019 година во 20.00 часот на Граничен премин Аеродром „Скопје", при пасошка контрола, било констатирано дека лицето С.Х.(34) од Скопје се наоѓа на листата со мерка "апси". Лицето било приведено и во 21.45 часот било предадено на полициски службеници од Полициската станица Бит Пазар за понатамошна постапка.

На 14.01.2019 година во 12.05 часот на Граничен премин „Ќафасан" при пасошка контрола, било констатирано дека шенген визите кои било во патните исправи на Ј.Р.(32) и Г.С.(26), двајцата од Косово, биле фалсификувани. Во 15.30 часот лицата биле предадени на полициски службеници од Полициската станица Струга, а потоа се задржани во СВР Охрид.

На 14.01.2019 година во 10.00 часот во Полициската станица Драчево, С.Т.(49) од Скопје пријавил дека на 13.01.2019 година околу 11.30 часот во село Зелениково бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 14.01.2019 година во 11.10 часот во Полициската станица Кочани, В.С.(61) од Кочани пријавил дека на 13.01. 2019 година околу 20.30 часот, додека се движел во близина на Трговскиот центар во Кочани, бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатиот ден (14.01.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје се случиле вкупно 10 сообраќајни незгоди од кои шест сообраќајни незгоди со телесни повреди и четири со материјална штета. Во сообраќајните незгоди девет лица се здобиле со телесни повреди. Од преземените мерки и активности констатирано е дека 23 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 17 возачи од кои: 15 возачи управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и двајца возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така исклучени од сообраќај се и 12 возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се четворица возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, еден поради неправилно престројување, осум поради непоседување пропишана зимска опрема, двајца возачи поради неносење сигурносен појас при управување на моторно возило и тројца возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се 13 пешаци поради поминување на коловоз вон пешачки премин и еден пешак затоа што поминал коловоз на црвено светло. Во текот на изминатиот ден издадени се 72 мандатни платни налози и 59 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

Секторот за внатрешни работи Битола и Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при Министерството за внатрешни работи во координација со Основното јавно обвинителство-Битола презедоа мерки и активности поради споделена објава со закани по живот на социјалната мрежа Фејсбук од страна на О.Ј. (40) од Битола, односно поради основано сомнение за сторено кривично дело по чл.144 „Загрозување на сигурност‟ од Кривичниот законик на Република Македонија.
На 14.01.2019 лицето О.Ј. е повикано на службен разговор во полициска станица, а одземени се и предмети со цел прибирање на докази. По документирање на случајот, против О.Ј. ќе биде поднесена кривична пријава.

Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика ќе продолжи со активностите со цел санкционирање на ваквите случаи. Ги повикуваме сите граѓани кои се изложени на вакви закани или сведочат вакви закани, истите да ги пријават во најблиската полициска станица или на адресата cybercrime@moi.gov.mk.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Виница поднесе кривична пријава против Е.Ќ.(26) од Виница поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори‟. На 18.12.2017 година полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот на улица „Страшо Пинџур‟ во Виница и притоа пронашле и одзеле амфетамини и марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.А.(30) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи‟. На 27.12.2018 година на улица „Маршал Тито‟ во Тетово полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „Мерцедес‟, сопственост на Д.А. од Тетово, при што пронашле и одзеле 10.223 парчиња пиротехнички средства.

На 14.01.2019 година околу 07.40 часот во Полициската станица Аеродром било пријавено дека на улица „Ѓорѓи Капчев‟ избувнал пожар. Полициски службеници излегле на местото на настанот и било констатирано дека се работи за пожар на отпаден материјал во склад за отпад, сопственост на С.Д.(35). Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита. Повредени лица нема.

На 15.01.2019 година во 01.30 часот во СВР Скопје, И.Б.(27) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 00.10 часот на улицата „Индира Ганди‟ бил физички нападнат од Р.Н. и уште неколку лица. Се преземаат мерки за целосно расчитување на случајот.

На 14.01.2019 година во 11.30 часот во СВР Скопје, Б.А.(36) пријавил дека во село Батинци А.О.(28) од село Батинци физички го нападнал неговиот син. Поднесен е соодветен поднесок против А.О..

СВР Куманово поднесе кривична пријава против И.С.(43) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи‟. На 10.01.2019 година полициски службеници извршиле претрес на дом и други простории на пријавениот на улица „Среќко Пужалка‟ при што биле пронајдени и одземени две експлозивни направи, две детонаторски каписли и 25 куршуми различен калибар.

На 14.01.2019 година во 15.00 часот во СВР Скопје, И.М.(20) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 13.10 часот на улица „Зендел Џемаил‟ бил физички нападнат од А.А.(19) и А.А.(21), двајцата од село Огњанци, скопско. Се преземаат мерки за целосно расчитување на случајот.

На 14.01.2019 година во 22.00 часот во Полициската станица Центар, Д.Г.(40) од Скопје пријавил дека истиот ден во времето од 20.30 до 20.35 часот пред маркет на улица „Рузвелтова‟ непознат сторител одзел патничко возило „Ауди А4‟ со скопски регистарски ознаки, сопственост на Е.Б. од Скопје.

Пријавителот го оставил возилото да работи и влегол во маркетот, а непознато лице влегло во незаклученото возило и заминало во непознат правец. Се преземаат мерки за пронаоѓање на возилото и за целосно расчистување на случајот.

На 14.01.2019 година во 22.25 часот било пријавено дека две непознати лица извршиле разбојништво на бензинска пумпа на улица „Александар Македонски" во Прилеп и со закана со пиштол од вработениот одзеле околу 36.000 денари и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против А.А.(28) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "насилство". На 08.01.2019 година околу 23,00 часот на улицата „Маршал Тито" во угостителски објект пријавениот кршел предмети, а упатил и закани по животот кон Ф.Д. и Г.Ц..

На 14.01.2019 година во 19.45 часот во СВР Скопје, С.И.(20) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 19.30 часот на булеварот „Видое Смилевски-Бато" физички бил нападната од неколку лица. Се преземаат мерки за расчитување на случајот.

На 14.01.2019 година во 13.50 часот во СВР Скопје, Д.К.(24) од село Црквиње, велешко, пријавил дека истиот ден околу 13.20 часот на улица „Перо Наков" тој и неговиот брат Е.К. физички биле нападнати од две лица, од кои едното имало нож. Се преземаат мерки за расчитување на случајот.

(/page/biro-za-javna-bezbednost) (/analizistatistiki/kriminal) minister-co)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)